Сиг. 0801-41

Инв. Бр. 1/6

*МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА*
*БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО*

*РЕФОРМИРАНО ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ*

*НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО*

# ГОВОРЕЊЕ И ПИШУВАЊЕ
**ВЕШТИНИ**
изборна програма

**II година**

*Скопје, јуни, 2002 година*

**Наставната програма ја донесе Министерот за образование и наука со решение бр. 03-4030/1 од 03.07.2003 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** Говорење и пишување (вештини)

**1.2. Вид на средно образование:** гимназиско

**1.3. Година на изучување:** втора

**1.4. Број на часови:**

- број на часови неделно: 2 часа
- број на часови годишно: *72* часа

**1.5. Статус на наставниот предмет:** изборен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**2.1.ОПШТИ ЦЕЛИ** на наставата по предметот **Говорење и пишување (вештини)** во гимназиското образование се учениците:

- да се запознаат систематски, практично и непосредно со традиционалните и современи вештини на усно и писмено изразување;
- да се оспособат самостојно и инвентивно да ги применува стекнатите вештини на (усно) говорење и (креативно) пишување;
- да ги афирмираат вредностите на уметноста на (усно) говорење и пишување во секојдневниот живот (функционални стилови и говори);
- да ги согледаат предностите од совладувањето на вештините на усно и писмено изразување;
- да го употребуваат, да го збогатуваат и да го чуваат македонскиот нормативен јазик во усна и пишана форма

**2.2 ПОСЕБНИ ЦЕЛИ**

ученикот да:

- да ги развива вештините на помнење и изразување
- да гради и да искажува личен став кон дадена тема

- да ги совлада моделите, постапките и вештините на компонирање усни искази (беседи и др.) и пишани текстови
- да разликува различни (функционални говорни) стилови во усно и писмено изразување
- да ја развива сопствената инвентивност и креативност во усното и писменото изразување

## 3. НЕОПХОДНИ ПРЕДЗНАЕЊА

За да се постигнат поставените цели во наставата по предметот **Говорење и пишување (вештини)** потребни се предзнаења од наставните предмети македонски јазик и литература, странските јазици, а особено во рамки на следните дисциплини:

- Фонетика и Фонологија;
- Правоговор и Правопис;
- Теорија на литературата;
- Стилистика и Реторика.
- Синтакса / Граматика

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

Образовниот процес е составен од два рамноправни дела **(1) Говорење и (2) Пишување**, со предвидени еднаков број часови за реализација на програмата во тек на една учебна година (36 плус 36). Предметот навлегува методски постапно во совладувањето најпрвина на вештините и правилата на усно говорење и изразување и преминува на вештините на писмено изразување (креативно пишување).

Ваквата поставеност произлегува од поврзаноста на целите на двата составни делови од овој предмет - совладување на техниките или вештините на усното и писменото изразување.